Исто така, училиштето редовно ги упатува наставниците и стручните соработници да ги посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот.

20.2 Активности за професионален развој

Според Законот за наставници ,наставниците во основното и средното училиште во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат.

Од спроведената анкета, наставниците имаат потреба од обуки за Насоки за подготвување на ИОП, насоки за изготвување правилна педагошка евиденција и документација, насоки за изготвување на програма за нов развоен план на училиштето, помош и насоки за работа со ученици со потешкотии во учењето:-дислексија,дисграфија, дискалулија и сл. За таа цел во училиштето:

- ✔ Изработени се акциони планови за сите облици на професионален развој
- Обуки од секаков облик
- Семинари (во училиштето и надвор од него)
- Работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците заради одредени констатирани пропусти
- ✔ Планирана е задолжителна дисеминација
- ✔ Задолжително е изработка на извештаи пропратени со евалвација на секој облик од каде ќе произлегуваат и наредните облици на

професионален развој

Тимот за професионален развој во согласност со предвидената динамика на Акцискиот план, во текот на учебната 2020/2021 година, спроведе детектирање на потребите на наставниот кадар со цел подобрување на воспитно образовниот процес. Се изготви и дополни соодветна програма согласно потребите на наставниот кадар според потребите и барањата за професионален развој на наставниот кадар.Беа дадени насоки за подготвување на ИОП од страна на тимот за инклузија на деца со ПОП и се изготвија соодветни и адаптирани програми за децата со ПОП.Наставниците подготвија портфолија за нивниот професионален развој и напредок (електронско следење и прибирање податоци кај раководството)

Во текот на учебната година се изврши Имплементација на обуките од програмата Еразмус,следење на семинари и вклучување во проекти

- Еразмус+ КА229 проект „Поинакво образование во училницата во природа“
- Еразмус+ КА229 проект„Млади новинари денес – одговорни дигитални граѓани утре“
- Еразмус+ КА229 проект„Креативни читатели“
- Клучна акција КА101: Учење преку индивидуални мобилности

20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставникот се следи преку професионалното досие и годишните извештаи за реализација на Личниот план за професионален развој на наставникот и се развива преку следење на семинари и обуки организирани од МОН и БРО, како и од дисеминации организирани од училиштето.

Секој наставник задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручните соработници, инспекторите од ДПИ, општинскиот просветен инспектор. Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати. Секој наставник треба пред почетокот на секоја година да има сопствен план за професионален развој но поради немање на листа на провајдери (понудувачи) на вакви обуки и нивниот не постојан облик кој не е претходно најавен не ни може и однапред да се планира па затоа истите се приморени тековно тоа да го прават преку целата година.За секое учество на обука,семинар,вебинар,предавање и сл.наставниците пополнуваат линк кој е креиран од страна на раководната служба,и преку него Тимот а професионален развој и раководната и стручната служба имаат увид во посетеноста од страна на секој наставник,и неговиот професионален развој.Оваа учебна година наставниците имаа можност да учествуваат на многу он лајн обуки и вебинари.Сите нивни посети може да се видат на следниот линк (**https://docs.google.com/forms/d/1cnvdwJ3yexif8sgl5f8CrpynjlOeAQqfU4-PAQvExJk/edit?usp=sharing**)

Наслов на интерната обуката/работилницата/семинар	Часови на реализација (пр. 3 часа)	Обуката/работилницата/семинарот е одржана од страна на	Цели на обуката/работилницата/семинарот	Како планирате да извршите дисеминција?	Доказ за присуство на обуката/работилницата/семинарот
Родители и наставници-Градиме мостови	5 часа	ООУ Лазо Ангеловски, тим за проекти	дисеминација на Еразмус+КА101 проект „Градиме нови мостови-размислувај надвор од кутијата“	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Потврда за присутво/учество
Работа со НПУД	10 часа	Тим на наставници за спроведување на обука	Работа со НПУД	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема
MS Teams апликации: A/V и Whiteboard	1 час	Тим за ИКТ	MS Teams апликации: A/V и Whiteboard	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема
Обука за рекреирање тим	1 час	Валентина Петрова	Како да се рекреира тим	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Покана за присуство/учество
Подготовки за тестирањето ПИСА 2021	2 часа	Уницеф	да се оспособат учениците за тестирање	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Сертификат за присуство/учество
Користење на дигиталната алатка „Kahoot“	1 часа	БРО-Учиме со ЕДУИНО	Да се запознаваме со бесплатната дигитална алатка „Kahoot“ којашто служи за креирање на интерактивни квизови кои вашите ученици може да ги одговораат во реално време.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема
,,Добри практики за спроведување на он лине час,,	2 часа	Едуино вебинари	преку разни алатки и техники до успешен и квалитетен он лине час	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Сертификат за присуство/учество

ЕДУИНО ВЕБИНАР: Подготовка на училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес според Планот и протоколот за одржување на настава	1 час	БРО-ЕДУИНО ВЕБИНАР	Стекнување на нови вештини и знаење поврзани со меките вештини, начините на мотивација на учениците при онлајн комуникација и сл.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Потврда за присутво/учество
Добри практики за спроведување на онлајн час	1 час	БРО	Подигнување на вештините и капацитите на образовните работници со цел подобрување на техничкото и педагошко спроведувањето на наставната содржина при онлајн наставата, истите се интерактивни и нудат можност за поставување на прашања и консултирање со предавачите.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема
Интегрирање на целите во одделенската настава (холистички пристап)	1 час	БРО	Подигнување на вештините и капацитите на образовните работници со цел подобрување на техничкото и педагошко спроведувањето на наставната содржина при онлајн наставата, истите се интерактивни и нудат можност за поставување на прашања и консултирање со предавачите.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема

Подготовки за тестирањето ПИРЛС 2021 година	1 час	БРО	Да ги информираат учесниците за суштината, значењето и активностите поврзани со Меѓународната студија ПИРЛС 2021, преку обврските кои ги имаат сите вклучени чинители во реализацијата на ПИРЛС, временската рамка на тестирањето и видот на инструментите кои ќе се користат.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема
Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта Confirmation	2 часа	БРО	стекнување на целосно нови вештини и знаење поврзани со меките вештини, начините на мотивација на учениците при онлајн комуникација и сл.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема
Поттикнување на учење преку игра и стекнување на социоемоционални вештини кај деца на возраст од 3 до 10 години	2 часа	БРО	Развојот на социјалните, емотивните и физичките способности на детето, а учењето преку игра се покажува како одличен метод за стекнување на знаења и вештини кај децата во ран детски развој.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема
Користење на алатката One Note, совети и добри практики	1 час	БРО	Полесно и подобро спроведување на онлајн наставата.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема
Практични совети и добри практики во користење на Microsoft Teams	1 час	БРО	Да се пристапи до апликацијата (андрод, iOS, PC) – карактеристика на интерфејсот (со акцент на моменталниот начин на користење од страна на учениците и наставниците) и препораки како тоа треба да се направи.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Сертификат за присуство/учество

Воведен час во Scratch за одделенски наставници Confirmation	1 час	Едуфронт	Воведен час во Scratch-примена	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема
Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams	1 час	БРО	Разбирање на предизвикот за оценување на учењето на далечина Разбирање на важноста на формативното оценување при учењето на далечина и неговата цел да се измери напредокот на ученикот во текот на единицата за учење (часот) Зошто е важно формативното оценување да не се оценува ?	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема
Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина	1 час	БРО	Адаптирање на методиката и педагогијата за реализирање на наставата и учењето.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Нема
„Подготовка на училиштето за реализација на воспитно-образовниот провес според Планот и протоколот за оддржување на настава“.	2 часа	Едуино Вебинари	Подготовка на наставникот за реализација на воспитно-образовниот провес според Планот и протоколот за оддржување на настава.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Сертификат за присуство/учество

Оформување на персонализирани учебни патеки за учениците	1 час	Едуино вебинари	совети и препораки за тоа како може да ги подготвите вашите ученици, во новонастанатите услови на пандемија, да станат поотпорни и поиздржливи, да бидат мотивирани за учење, но и како самостојно да учат надвор од училницата и училиштето, односно да трасирате персонализирани учебни патеки по кои ќе чекорат учениците.	Отворен час	Покана за присуство/учество
Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта	2 часа	Едуино вебинари	Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта	Отворен час	Сертификат за присуство/учество
„Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams“.	2 часа	Едуино вебинари	Збогатување на познавањата за начинот на оценување при учење на далечина Практична демонстрација на алатки кои можат да се користат за формативно оценување при учење на далечина Учесниците ќе се во можност да креираат кратки влезни и излезни квизови за формативно оценување со или без користење на секции и логичко разгранување во Forms Правилно користење на навремениот повратниот одговор (устен, пишан или видео) за зголемување на ефективноста и ефикасноста на онлајн наставата Запознавање со можностите кои ги нуди Microsoft Teams за сумативни и завршни оценување.	Состанок/презентација со членови на стручниот актив или други наставници	Сертификат за присуство/учество

20.4. Хоризонтално учење

Размената на искуства, стекнатите знаења и методите, формите и техниките за реализација на наставата се врши преку состаноци на ниво на стручни активи, работилници со сите наставници и отворени часови и нагледни часови. Воедно сите дисиминации од посетените обуки, семинари, конфереции и сл. допринесуваат во споделувањето на стекнатото знаење и вештини.

20.5. Кариерен развој на образовниот кадар

Во училиштето се поддржува професионалниот и кариерниот развој на наставниците, затоа што тоа придонесува за развој и напредок на целото училиште.

Процесот на кариерен развој на наставниците, се одвива во три дела: приправнички период, период кога наставникот/стручниот соработник работи самостојно и период каде што се напредува во звање наставик/стручен соработник-ментор и наставник/стручен соработник-советник. Воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со:

- Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот
- Професионалните стандарди за наставник-ментор
- Професионалните стандарди за наставник-советник

Со почетокот на календарската 2021 година дел од наставниците добија можност и аплицираа на конкурсот објавен од страна на Министерството за образование и наука за кариерен напредок во звања (ментор и советник). За наставник ментор во нашето училиште беше избрана Вангелина Мојановска-одделенски наставник.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/ старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето на две нивоа и тоа на на ниво на паралелка и на ниво на училиште.

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.

Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

Преку Советот на родители беа вклучени повеќе активности од кои посебно внимание ќе им се посвети на следните:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Грижа за здравјето на учениците и создавање оптимални услови за престојот на учениците во училиштето.
- Грижа за естетскиот изглед на училиштето.
- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.

Во текот на учебната 2020/2021 година беа одржани 5 редовни родителски средби кои се одржаа онлајн почитвајќи ги протоколите за работа на воспитно образовните установи во услови на пандемија. На родителските средби, родителите беа запознаени со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочуваат учениците, со цел успешно надминување на истите.Состаноците на членовите на Советот на родители исто така се одржуваа онлајн со цел родителите да бидат информирани и да бидат вклучени целосно во работата на училиштето во овие услови. Родителите со свои предлози и лично вложување учествуваа во организацијата на работата на училиштето.

Распоред за приемен ден за родители

Одделенски наставник	одделение	Приемен ден	Час и време (кој час според распоредот за ѕвонење)
1. Емилија Сарафилоска 2. Весна Мирческа	I[1]	Понеделник	11:25-12:00
3. Вангелина Мојаноска 4. Зорица Божинов	I[2]	Петок	11:30 – 12:10
5. Душанка Панкова 6. Данче Димовска	I[3]	Петок	11:30 – 12: 10
7. Јасмина Ристеска 8. Теодора Шалевска	I[4]	Петок	11:30 h– 12: 10 h
9. Виолета Спасова	I[5]	Понеделник	11:30-12:10
10. Грозданка Крстевска	I[6]	Понеделник	11:30-12:10
11. Снежана Петреска	II[1]	Понеделник	11.00-12.00

12. Билјана Кузевска			
13. Мирјана Смилевска 14. Елена Гашевска	II[2]	Петок	15:00-15:30
15. Христина М. Божиновска 16. Жанета Митровска	II[3]	Петок	11:00
17. Славица Стојановска 18. Гордана Камчевска	II[4]	Понеделник	11:00
19. Тамара Тодоровска 20. Александра Пејковска	II[5]	Петок	11:00 – 12:00
21. Билјана Колевска	II[6]	Петок	11:00 часот
22. Сања Стојановска Дамјановиќ 23. Емилија Христовска	III[1]	Петок	11ч.25мин.-12ч.10мин. 6 час
24. Анета Димовска 25. Весна Стрезоска	III[2]	Петок Петок	11:25 до12 :10 6час 11:25 до 12:10 6 час
26. Лидија Божиновска 27. Ивана Младеновска	III[3]	Петок	12:00
28. Марија Митева 29. Адела Бикиќ Јанковска	III[4]	Петок	6 час 11:25-12:10 6 час 11:25-12:10
30. Светлана Јосифоска 31. Марина Нанева	III[5]	Петок	11:25 до12 :10 6час
32. Билјана Спасовска	III[6]	Понеделник (после часови)	
33. Тања Јосимовска	IV[1]	Среда	11:00-12:00

34. Кристина Башовска	IV[2]	Среда	11:00-12:00
35. Петранка Крстева	IV[3]	Среда	11:00-12:00
36. Дарко Димковски	IV[4]	Среда	11:00-12:00
37. Роберта Јордановска	IV[5]	Среда	11:00-12:00
38. Соња Геговска	IV[6]	Среда	11:00-12:00
39. Магдалена Петревска	V[1]	Среда	11:00-12:00
40. Игор Боризовски	V[2]	Среда	11:00-12:00
41. Гордана Југрева	V[3]	Среда	11:00-12:00
42. Лилјана Вурмеска	V[4]	Среда	11:00-12:00
43. Екатерина Геговска	V[5]	Среда	11:00-12:00
44. Марина Стојчевска	V[6]	Среда	11:00-12:00

Наставник (Име и Презиме)	**Наставна насока**	**Наставен предмет**	**Ден**	**Термин**	**Термин 2**
Оливера Доновски	одделенска настава	Англиски јазик	среда	7 cas	
Ана Пановска	предметна настава	Етика	понеделник	13 00 часот прва смена	17 50 часот втора смена
Наташа Димоска	предметна настава	Музичко образование	вторник	5 час	
Љубица Ружинска	предметна настава	Англиски јазик	среда	3 час	
Ане Аврамовска	предметна настава	Географија	четврток	5 час	
Жаклина Трајковска	предметна настава	Хемија	четврток	4 час прва смена	4 час втора смена

Весна Јорданова	предметна настава	Биологија	понеделник	4 час прва смена	4 час втора смена
Марина Кујунџиева	предметна настава	Географија	понеделник	5 час	
Жаклина Колевска	предметна настава	Физика	петок	од 8 и 30 до 9 часот(прва смена),од 14 и 30 до 15часот(втора смена)во петока	
Валентина Јањиќ	предметна настава	Граѓанско образование	четврток	5час втора смена 16.25часот	5час прва смена 10.40часот
Морфа Петровска	предметна настава	Англиски јазик	вторник	4 час во двете смени	
Анета Талеска	предметна настава	Германски јазик	петок	9:00ч	12:30ч
Марјан Куцулоски	предметна настава	Физичко и здравствено образование	вторник	4 час прва смена	4 час втора смена
Цветанка Малческа	предметна настава	Биологија	понеделник	четврти час прва и втора смена	
Јулијана Максимовска	предметна настава	Географија	понеделник	6 час	
Љубица Атанасовска	предметна настава	Историја	четврток	трет час, смена со шесто и деветто одделение	трет час, смена со шесто и деветто одделение
Радмила Гиговска	предметна настава	Математика	четврток	5-ти час ; прва и втора смена (за прашања за VIII одделение)	среда , 3-ти час; прва и втора смена (за прашања за IX одделение)
Мимоза Илиевска	предметна настава	Историја	петок	9 - 9:30 часот во смена на 6 и 9 одд	14:55 -15:30 часот во смена на 6 и 9
Вангелица Поповска	предметна настава	Математика	вторник	3 час	
Тања Крстевска	предметна настава	Музичко образование	среда	2 час во 1 смена	2 час во 2 смена
Валентина Петрова	предметна настава	Македонски јазик	вторник	3 час (и во прва и во втора смена)	
Емица Здравев	предметна настава	Англиски јазик	петок	7 час	

Лолита Трајковска	предметна настава	Математика	среда	4 час (прва и втора смена)	
Костадинка Поповска	предметна настава	Македонски јазик	вторник	4час прва смена-9:55-10:35- втора смена 15:40-16:20	
Мирослава Павлова-Аневска	предметна настава	Англиски јазик	среда	12.50 прва смена	18.35 втора смена
Милена Калиновска	предметна настава	Француски јазик	понеделник	17 часот попладне и 12 и 15 предпладне	17 часот поладне и 12 и 15 предпладне

Бисера Јанчева	предметна настава	Англиски јазик	вторник	6 час (прва и втора смена)	
Весна Ангелевска	предметна настава	Македонски јазик	четврток	5 час	
Петар Ацески	предметна настава	Физичко и здравствено образование	вторник	12.50 часот	
Елена Кузманова	предметна настава	Математика	понеделник	5 час	
Златика Јолеска-Даскалов	предметна настава	Техничко образование (редовен предмет)	четврток	4 час во смена со 7 одделение	
Бојан Петковски	предметна настава	Иновации	четврток	прва смена после7ми час	втора смена после 7 ми час 18:40
Филип Ацески	предметна настава	Информатика	среда	5 час прва смена	5 час втора смена
Даниела Давковска	предметна настава	Математика	среда	9-9,45 прва смена	15-15,45 втора смена
Милена Игњатова	предметна настава	Англиски јазик	четврток	13.00-14.00	
Маја Стојановска	предметна настава	Македонски јазик	понеделник	5 час - прва смена (10:40ч.)	5 час- втора смена(16:25 ч.)
Наташа Николоска	предметна настава	Македонски јазик	четврток	Понеделник 3 час	Четврток 3 час
Ристо Андреев	предметна настава	Ликовно образование	вторник	трет час втора смена	
Јасмина Илиевска	предметна настава	Германски јазик	среда	3 час	

Слободан Стаматовски	предметна настава	Физичко и здравствено образование	среда	4 час во двете смени	
Катерина Митковска	предметна настава	етика во религии	четврток	5 час	
Бојан Петковски	предметна настава	Иновации	четврток	4 час	

Со оглед на начинот на кој што се изведува наставата,во училиштето оваа учебна година, немаше организирано отворен ден за родители со цел почитување на мерките за работа во услови на пандемија, Родителите се информираа од наставниците преку известувања кои беа поставени на официјалната веб страна на училиштето.

21.2. Вклученост на родителите/ старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во процесот на учење

На редовните родителски средби родителите се информираа за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација на истите, следење и вреднување на учениците заведено во евидентните листови поединечно за секој ученик. Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, седум и повеќе неоправдани изостаноци, над сто оправдани изостаноци како и на учениците кои манифестираат несоодветно однесување согласно законот се повикани на советување кое го реализираше училишниот психолог.Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.

На Веб страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

Во донесување одлуки

За донесување на одлуки во училиштето родителите учествуваа во училиштето како претставници на Училишен одбор, и како претставници на Советот на родители. Исто така многу значајни се за донесување на одлуки и нивни мислења добиени по пат на анкети, прашалници, интервјуа и сл.

По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитуваше ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и беа земени во предвид нивните мислења и сугестии. На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираа за работата на училиштето и се разгледуваа суштински прашања, а на родителите-претставници им беше овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки.

Во воннаставни активности во училиштето

Родителите имаа активна улога во давање иницијативи и беа вклучени во организирање на воннаставните активности на училиштето.

УЧИЛИШЕН ОДБОР

Според Законот за Основно образование и Статутот на училиштето, во ООУ„Лазо Ангеловски-Аеродром-Скопје,“ е конституиран Училишниот одбор кој е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот.

Претседател на Училишниот одбор е Сашо Стефановски претставник од родителите во ООУ„Лазо Ангеловски-Аеродром-Скопје“.

Врз основа на новиот Закон за Основно образование донесен..во текот на учебнта 2020/21 година ,на седниците на Училишниот одбор, се покануваа и во неговата работа учествуваа, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од Ученичкиот парламент.

Училишниот одбор како највисок орган на управување функционира според определена динамика за работа, а реализираните седници произлегуваат од потребите во функција на квалитетна организација на работата на училиштето и тоа:

* Предлага Годишна програма за работа на училиштето за тековната година
* Усвојува Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето;
* Донесува програма за развој на училиштето;
* Донесува програма за воведување на повисоки стандарди за работата на училиштето;
* Предлага финансиски план;
* Предлага годишна програма за јавна набавка;
* Предлага Финансиски план и Завршна сметка до основачот;
* Планира и донесува одлуки за набавка на основни средства;
* Дава мислење до директорот за избор на наставници и стручни соработници;
* Го следи успехот на учениците;
* Утврдува мерки за подобрување на условите за работа во училиштето;
* Одлучува по жалби на вработени, ученици и родители;
* Решава за потребни мерки на безбедност на училиштето;
* Се вклучува во Патрониот празник на училиштето;
* Соработува со Советот на родители;
* Избира постојани и привремени комисии;
* Разгледува други прашања утврдени со Статутот на училиштето;

Освен наведените активности Училишниот одбор во учебната 2020/2021 година вршеше и други работи утврдени со Законот.Оваа учебна година одржани се 10 состаноци на Училишниот одбор.

Заклучоците кои се донесуваа на состаноците, јавно се истакнуваа на огласна табла, со цел да се покаже јавност и транспарентност во работата на овој орган на управување на училиштето.Оваа учебна година одржани се 10 состаноци на Училишниот одбор.

21.3. Едукација на родителите/ старателите

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е двонасочна. Подигање и развивање на педагошката култура на родителите се врши преку организирање на стручни презентации, и соработка со родителите во организацијата на активностите и приоритетите на училиштето.

Психологот вршеше советувања за родителите според Програма за советување, советодавна работа со родителите (индивидуална и групна) се одвиваше и од страна на стручната служба,одделенските раководители, а по потреба и директорот на училиштето.

Изработка на брошура за родители

Училиштето изработи брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Локална заедница (локална самоуправа,бизнис заедница,местно население)

Целта на соработката на училиштето со локалната заедница е да се анимира и стави во педагошка функција се што може да понуди локалната заедница за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, да влијае на подобрување на културно–образовното ниво кај местоното население. Училиштето соработуваше со локалната самоуправа преку усна, пишана и електронска форма, разни состаноци и трибини.

Институции од областа на културата

Во планирањата на наставниците се вкучени организирани посети на:Музејот на македонската револуционерна борба, драмскиот театар за деца и младинци, универзалната сала, приордно-научниот музеј, зоолошката градина, театри, кино, музеј на илузии и други знаменитости. Сите овие планирани активности оваа учебна година не беа реализирани.

Институции од областа на образованието

Во текот на учебната 2020-2021 година, тековно се соработуваше со училиштата од нашата општина како и предучилишните установи, по потреба со останатите основни училишта, со надлежните институции за образование од општината, БРО, ДПИ, МОН, државни универзитети и други институции од оваа област преку разни состаноци, трибини, обуки и семинари кои се реализираа од далечина..

Невладини организации

Училиштето континуирано изминативе години води соработка со неколку невладини институции. Истата продолжи и во текот на оваа учебна година. Соработка со НВО ПОРАКА, Аеродром; НВО Урбано општество, Аеродром; ПАКОМАК, НВО Доверба, НВО Лајонс клуб Пајко Маало…..

Спортски друштва

- Федерација на училишен спорт на Македонија
- Федерација на училишен спорт на град Скопје
- Училишен спортски клуб ООУ„Лазо Ангеловски”

Здравствени организации

- Поликлиника Јане Сандански
- Завод за ментално здравје Скопје
- Завод за јавно здравје
- Завод за говор, слух и глас, осигурителна компанија која ќе биде избрана на тендер.

Медиуми (со цел промоција на училиштето)

За сопствена афирмација училиштетото соработуваше со најразлични видови на медиуми. Поважните активности од наставната и воннаставната работа беа објавувани во општинскиот весник Аеродром, како и други дневни и неделни печатени медиуми. Ја продлабочуваме соработката со телевизиските куќи во областа на емисиите од образовен карактер. А исто така јавноста континуирано е информирана за случувањата преку веб-страната на училиштето http://oulazoangelovski.com.mk/

Носители на активностите се одделенските раководители, одговорните наставници на стручните активи и генерации, стручните соработници и раководната служба.

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време на следење	Одговорно/ни лице/а	Кој треба да биде информиран за следењето
1. Организација и реализација на наставата и учењето	Во текот на учебна 2020/2021 година	Директор Пом.директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи	-Раководна служба -Стручни соработници -Наставници -Родители -Ученици
2. Постигањата на учениците	Во текот на учебна 2020/2021 година	Наставник Ученик Родител Стручни соработници	-Наставници -Родители -Ученици -Стручни соработници
3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и раководниот кадар	Во текот на учебна 2020/2021 година	Директор Пом.директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи БРО, ДПИ	-Раководна служба -Стручни соработници -Наставници -Родители -Ученици
4. Управување и раководење со училиштето	Во текот на учебна 2020/2021 година	БРО, ДПИ Училишен одбор Локална самоуправа СОвеет на родители	
5. Комуникација и односи со јавноста	Во текот на учебна 2020/2021 година	Директор Пом.директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи	-Раководна служба -Стручни соработници -Наставници -Родители -Ученици
6. Училишна клима и култура	Во текот на учебна 2020/2021 година	Директор Пом.директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи	-Раководна служба -Стручни соработници -Наставници -Родители -Ученици
7. Соработката на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница и невладиниот сектор	Во текот на учебна 2020/2021 година	Директор Пом.директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи	-Раководна служба -Стручни соработници -Наставници -Родители -Ученици

- **Организација и реализација на наставата и учењето** ќе се следи во текот на целата учебна година преку увиди во:

-Годишен извештај за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Евиденција за реализирани часови за Додатна и Дополнителна настава
-Увиди во педагошка евиденција во делот за општествено-корисна и хуманитарна работа и воннаставни активности
-Дневник за работа на стручната служба
-Записници од индивидуални средби со ученици и родители
-Увид во педагошка евиденција (проектни активности)
-Записници од работата на ученичката заедница
-Брошури, флаери и веб-страна на училиштето
-Записници од работата на ИТУ (инклузивен тим за ученик)
-Записници од состаноци на стручните активи
-Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални потешкотии
-Досијеа на учениците
-Записници од надлежни органи за контрола на хигиената во училиштето и здравјето на учениците
-Увиди во педагошка евиденција за изречени педагошки мерки
-Увиди во педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности
-Инструмент за следење и вреднување на планирањето и подготовката на наставниот час
-Записници од следење на наставни часови
-Инструменти за оценување (тестови на знаења, листа за проверка, бодовни листи)
-Примери од оценети ученички трудови
-Увид во документацијата за набавка на стручна литература и наставни помагала
-Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали
-Електронски дневник

- **Постигањата на учениците** ќе се следат со увид во:

- Годишен извештај за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Увиди во педагошка евиденција и документација
-Записници од работата на ИТУ (инклузивен тим за ученик)
-Записници од посета на наставен час
-Дневник за работа на стручната служба
-Евиденција за реализирани часови за Додатна и Дополнителна настава
-Досијеа на учениците
- Споредбени прегледи од резултати од оценувањето (меѓународни, национални, градски, општински, училишни натпревари),

-Список на деца од реонот на училиштето што треба да се опфатат во прво одделение (од надлежните служби од Единиците на локалната самоуправа)
-Анализа на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата
-Известување на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ)
-Записници од средби со родители
-Евиденција на заминати и новодојдени ученици (предводници)
-Извештаи и анализа на напредокот на учениците по паралелки
-Евиденција за остварени средби и соработка со родителите
-Електронски дневник
-Изложени трудови на учениците
-Паноа за пофалби, награди
-Медиумско промовирање на постигањата на учениците
-Увид во веб страната на училиштето
-Евиденција за наградени и пофалени ученици

- **Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и раководниот кадар** ќе се следи со увиди во:

- Годишен извештај за работа на училиштето
-Записници од посета на наставен час
-Дневник за работа на стручната служба
-Записници од посета на советници од БРО
-Записници од посета на инспектори од ДПИ
- Извештаи за професионалниот развој на наставниците
-Записници од работата на стручните активи
-Досијеа на наставниот кадар
-Записници и списоци од реализирани интерни обуки
-Самоевалвација и Развоен план на училиштето
-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето

- Следењето на **Управување и раководење со училиштето** ќе се реализира преку:

-Годишен извештај за работа на училиштето
-Самоевалвација и Развоен план на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето

- **Комуникација и односи со јавноста** ќе се следи со увид во:

- Годишен извештај за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Увиди во педагошка евиденција и документација
-Записници од посета на наставен час
-Дневник за работа на стручната служба
-Записници од посета на советници од БРО
-Записници од посета на инспектори од ДПИ
-Самоевалвација и Развоен план на училиштето
-План за следење и евалуација на реализираните Акциски планови
-Записници од индивидуални средби со ученици и родители
-Увид во педагошка евиденција (проектни активности)
-Записници од работата на ученичката заедница
-Податоци за организирани трибини, предавања и дебати
-Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални потешкотии
-Досијеа на учениците
-Увиди во педагошка евиденција за изречени педагошки мерки
-Увиди во педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности
-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето

- Во однос на **Училишна клима и култура** имплементацијата ќе се следи преку:

-Годишен извештај за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Увиди во педагошка евиденција во делот за општествено-корисна и хуманитарна работа и воннаставни активности
-Дневник за работа на стручната служба
-Извештаи за професионалниот развој на наставниците
-Самоевалвација и Развоен план на училиштето
-План за следење и евалуација на реализираните Акциски планови
-Записници од индивидуални средби со ученици и родители
-Увид во педагошка евиденција (проектни активности)
-Записници од работата на ученичката заедница
-Финансов план на училиштето
-Склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди
-Записници од ревизија на УЈП
-Податоци за организирана исхрана на учениците
-Податоци за организирани трибини, предавања и дебати

-Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални потешкотии
-Досијеа на учениците
-Записници од надлежни органи за контрола на хигиената во училиштето и здравјето на учениците
-Увиди во педагошка евиденција за изречени педагошки мерки
-Увиди во педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности
-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето
-Пописни листи
-Увид во просторни капацитети

- **Соработката на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница и невладиниот сектор** ќе се следи преку:

-Годишен извештај за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Увиди во педагошка евиденција во делот за општествено-корисна и хуманитарна работа и воннаставни активности (записници од реализирани активности во и со поддршка на локалната и деловната задница и невладиниот сектор)
-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето
-Податоци за организирани трибини, предавања и дебати со родители и претставници од локалната и деловната заедница
-Документација од добиени донации

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на годишната програма за работа на основното училиште ќе се изведува двапати во текот на учебната година, односно со завршувањето на првото полугодие од учебната 2020/21 год, во месец Јануари 2021 и на крајот од учебната година, најдоцна до 31 Август 2021 год.

Евалуацијата ќе се изведува преку собирање на различни извештаи, анкети, прашалници, записници, следење на постигнувањата на учениците и сл. коишто ќе бидат изготвени од страна на раководната и стручната служба, одговорните наставници на стручни активи, ученичкиот парламент, координаторите на тимовите, советот на родители, училишниот одбор.Земајќи во предвид дека ова е прва година по која се работи со новиот правилник за изготвување на Годишната програма како критериуми за успешност ќе се земат во предвид извештаите од споредбените анализи со претходните учебни години што ќе ги изведува Тимот за самоевалуација на училиштето како и тимот кој ја изработувал оваа програма.

Инструмент за евалуација на програмите и акционите планови

		Година 2018/19							
		Временска рамка (месец)						Следење	

Задача	Активност	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8	Носител	Начин на спроведување (ресурси)	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице	√ x	Потребен буџет
Подготовка на програмите и акционите планови	Проверка на изготвените програми и акциони планови	√											√	Стручни соработници	Проверка на изработените програми и акциони планови врз основа на однапред дадени насоки за изработка	Чек листа	Правилно изготвени програми и акциони планови според насоките дадени од страна на училиштето, БРО и МОН	Директор, помошник директор стручни соработници		/
Следење на реализацијата на програмите и акционите планови	1.Спроведување на активностите зададени во програмите и акционите програми 2. Одржување на координативни состаноци меѓу координаторите на тимовите, стручните соработници и раководната служба	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	Раководна служба, стручни соработници, координатори на тимовите	Реализација на различни активности и одржување на состаноци	Извештаи од спроведени активности и записници од состаноци	Навремена и целосна реализација на планираните активности	Директор Помошник директор		/
Евалуација на програмите и акционите планови	Анализа и евалуација на спроведените активности зададени во програмите и акционите планови					√					√			Раководна служба, стручни соработници, координатори на тимовите	Врз основ на поднесените полугодишни и годишни извештаи се прави анализа и евалуација за реализацијата на активностите	Извештаи и анализи од спроведената евалуација	Навремена и целосна реализација на планираните активности	Директор, помошник директор стручни соработници		/

25. Заклучок

Годишниот извештај е изработена од страна на сите стуктури во училиштето со помош на извештаите на стручните активи, тимови, организации, стручни соработници, раководната и управувачката служба, административно-техничката служба, советот на родители и училишниот парламент. Истиот е структуриран од страна на Комисијата за изработка на годишниот извештај за работа на основното училиште. Секако поради ситуацијата со вирусот Ковид 19 годишниот извештај се разликува од Годишната програма односно истата претрпи промени или прилагодувања според условите за работа и насоките дадени од страна на основачот и ресорното министерство. Сепак со нашите човечки и материјални ресурси, планирањето беше реализирано успешно и добивме нови позитивни искуства кои би ги применувале во иднината а сите нереализирани ќе тежнееме да ги реализираме во наредната учебна година.

26. Комисија за изработка на годишниот извештај за работа на основното училиште

- Перо Арсеновски - директор
- Милена Игњатова – помошник директор
- Иванка Николова – социолог
- Аделина Давидовска – психолог
- Стефанија Додевска - педагог
- Тина Симиќ Ацковска – дефектолог
- Благица Ангеловска - библиотекар

Скопје, Јули 2021 год.

М.П

директор

Перо Арсеновски

Претседател на училишен одбор

Игор Павлески